# Дескриптори на високообразовните квалификации на студиската програма на интегрирани студии од 1 и 2 циклус по ветеринарна медицина на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје

**Назив на квалификацијата: Доктор по ветеринарна медицина**

**5,5 години, 11 семестри, 330 ЕКТС-кредити**

## Општи дескриптори

| Тип на дескриптори | Циклус на студии | Дескриптори на квалификациите |
|---|---|---|
| Знаење и разбирање | 1 и 2 интегриран циклус | 1. Покажува знаење и разбирање за научното поле на ветеринарната медицина, применувајќи методологии соодветни за решавање сложени проблеми, со можност за оригиналност во развивањето и/или примената на автономни идеи за истражувачки цели.<br>2. Покажува способност за употреба на проширено и продлабочено знаење.<br>3. Покажува високо ниво на професионална компетентност во рамките на ветеринарната медицина во целина.<br>4. Поседува знаења од повеќе области во рамките на ветеринарната медицина, кои се базираат на најреномирани меѓународни истражувања во тоа научно поле. |
| Примена на знаењето и разбирањето | 1 и 2 интегриран циклус | 1. Покажува способност за критичко, самостојно и креативно решавање проблеми на оригиналнен начин, на ниво на полето на ветеринарната медицина, или на мултидисциплинарно ниво. |
| Способност за проценка | 1 и 2 интегриран циклус | 1. Покажува способност за синтетизирање и интегрирање на знаењата стекнати не само во текот на студиите, туку и во текот на својот професионален ангажман.<br>2. Покажува способност за справување со сложени прашања од стручен аспект, нивно солидно проценување дури и при некомплетни и ограничени информации, но со свест за личните, општествените и етичките одговорности при примената на стекнатото знаење и проценка.<br>3. Покажува способност за оценување и селекција на научни теории, методологии, алатки и стручни вештини од ветеринарната медицина, и поставување на нови анализи |

| | | |
|---|---|---|
| | | и решенија на научна основа. |
| Комуникациски вештини | 1 и 2 интегриран циклус | 1. Покажува способност за размена на заклучоци, предлози и мислења со помош на аргументи и рационално поткрепување на иститe, како со стручната, така и со пошироката јавност, јасно и недвосмислено.<br>2. Преземање значителна одговорност како за личните, така и за заедничките резултати.<br>3. Покажува способност за иницирање и за водење активности во рамките на своите стручни копметенции. |
| Вештини на учење | 1 и 2 интегриран циклус | 1. Покажува способност за препознавање на личната потреба за стално проширување на веќе стекнатите знаења и способност за самостојно делување при стекнувањето нови знаења и вештини во општествени рамки.<br>2. Покажува способност за преземање одговорност за понатамошен професионален развој и усовршување во рамките на ветеринарната медицина и пошироко. |

**Специфични дескриптори**

| Тип на дескриптори | Циклус на студии | Дескриптори на квалификациите |
|---|---|---|
| Знаење и разбирање | 1 и 2 интегриран циклус | 1. Покажува широко знаење и познавање на науките врз чии активности се потпираат ветеринарните доктори<br>2. Покажува знаења за истражувачките методи кои се применуваат во базичните и во апликативните истражувања во сите аспекти на ветеринарната наука<br>3. Покажува широко знаење за структурата и за функцијата на здравите животни и за нивното одгледување<br>4. Покажува широко познавање на етиологијата, патогенезата, клиничките знаци, дијагностиката и третманот на вообичаените болести и нарушувања кои се јавуваат кај вообичаените видови домашни животни во ЕУ<br>5. Покажува познавање на легислативата која се однесува на благосостојбата (вклучувајќи го транспортот) на животните и на болестите кои се пријавуваат<br>6. Покажува познавање на легислативата за лекови и на упатствата за одговорно користење на лекови усвоени во земјите членки на ЕУ<br>7. Покажува познавање на принципите на превенција на болестите и на унапредувањето на здравјето и благосостојбата<br>8. Покажува познавање на проблематиката на јавното здравство вклучувајќи ги |


*Адреса:* Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје, Р. Македонија *Address:* Lazar Pop-Trajkov 5-7, 1000 Skopje, R. Macedonia
*Tel:* +389 2 3240 700
*Fax:* +389 2 3114 619
*E-mail:* fvms@fvm.ukim.edu.mk
*Web:* http://www.fvm.ukim.edu.mk

| | | |
|---|---|---|
| | | зоонозите |
| Примена на знаењето и разбирањето | 1 и 2 интегриран циклус | 1. Поседува способност за добивање точна и релевантна анамнеза за одделно животно или за група животни, како и за неговата/нивната околина<br>2. Поседува способност за безбедно и хумано манипулирање со животното, и да ги насочува другите во користењето на овие техники<br>3. Поседува способност за изведување целосен клинички преглед<br>4. Поседува способност за згрижување на сите вообичаени видови домашни животно во случај на итност и да изведе основна прва помош (Проблемите со кои треба да се справи за било кој вид вклучуваат прва помош и справување со хеморагии, рани, тешкотии при дишење, повреди на очи и уши, губиток на свест, клинички повреди, изгореници, ткивни оштетувања, оштетувања на внатрешни органи и запирање на срцевата акција. Првата помош која треба да се примени вклучува превивање, чистење, имобилизирање на екстремитети, процедури за реанимација, контрола на хеморагии.)<br>5. Покажува способност за собирање, за чување и за транспортирање примероци<br>6. Покажува способност за изведување стандардни лабораториски тестови, и за интерпретирање на резултатите како од тестовите извршени од него, така и на оние добиени од други лаборатории<br>7. Покажува способност за користење радиографска, ултразвучна и друга техничка опрема која може да се користи како помош во дијагностиката, безбедно и во согласност со современите регулативи<br>8. Покажува способност за примена на соодветните процедури по дијатностицирањето на заразни болести кои се пријавуваат и на зоонози<br>9. Покажува способност за коректно вршење сертификација<br>10. Покажува способност за пристапување кон соодветни извори на информации за регистрирани лекови<br>11. Покажува способност за точно и одговорно препишување и растворање на лековите во согласност со релевантната легислатива и да осигура дека лековите и отпадоците се безбесно складирани и/или отстранети<br>12. Покажува спосбност за правилна употреба на принципите за стерилизација на хируршка опрема<br>13. Покажува спосбност за правилна употреба на принципите на асептична хирургија<br>14. Покажува спосбност за безбедно изведување седцација, општа и локална |



Адреса: Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје, Р. Македонија
Address: Lazar Pop-Trajkov 5-7, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel: +389 2 3240 700
Fax: +389 2 3114 619
E-mail: fvms@fvm.ukim.edu.mk
Web: http://www.fvm.ukim.edu.mk

| | | |
|---|---|---|
| | | анаестезија, и да ја смирува и контролира болката<br>15. Покажува способност за советување и применување на правилен третман<br>16. Покажува способност за хумано изведување еутаназија, користејќи соодветна метода, истовремено покажувајќи чувствителност кон емоциите на сопствениците и другите; да ја запази безбедноста на присутните; да советува за правилно отстранување на трупот<br>17. Покажува способност за изведба на основен постмортален преглед, да ги евдентира деталите, да земе примероци од ткиво, и правилно да ги складира и транспортира<br>18. Покажува способност за изведба анте- и постмортален преглед на животни наменети за исхрана и точно да ги идентификува условите кои влијаат врз квалитетот и безбедноста на продуктите од животинско потекло<br>19. Покажува способност за добива и имплементирање на основната евиденција за здравјето и благосостојбата (и на производствената евиденција каде што е потребно)<br>20. Покажува способност за креирање и примена на превентивни и профилактички програми соодветни за видот (здравје на стадо) и да ги одржува прифатените здравствени стандарди, како и стандардите за благосостојбата и на јавното здравство, барајќи совет и помош од колеги ако е потребно<br>21. Покажува способност за минимизирање на опасностите од контаминација, вкрстена инфекција и акумулација на патогените во просториите и во теренски услови. |
| Способност за проценка | 1 и 2 интегриран циклус | 1. Покажува способност за проценување доказ<br>2. Покажува способност за правилно интерпретирање на клиничкиот наод и негово поврзување со лабораториските и со визуелните дијагностички испитувања<br>3. Покажува способност за точно проценување на нутритивниот статус на животното и способност да го советува клиентот за принципите на исхраната и сточарството<br>4. Покажува способност за препознавање кога е потребна еутаназија |
| Комуникациски вештини | 1 и 2 интегриран циклус | 1. Покажува способност за ефикасно комуницирање со клиентите, за поставување јавни, професионални колегијални и одговорни прашања; да ги слуша ефикасно и да одговара сочувствително со нив, користејќи јазик во форма соодветна за нив.<br>2. Покажува способност за подготвување јасен извештај за случајот и да чува евиденција за пациентите во форма задоволувачка за колегите и разбирлива за јавноста.<br>3. Покажува способност за ефикасно работење како член на интердисциплинарна екипа. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 4. Покажува свесност за етичките одговорности на ветеринарниот доктор во однос на грижата за пациентот и односот со клиентот, а исто така и погенерално во заедницата во однос на нивното можно влијание врз околината и целокупното општество<br>5. Покажува свесност за економската и емоционалната клима во која работи ветеринарниот доктор, и соодветно одговара на влијанијата од таквите притисоци<br>6. Покажува волја да ги користи своите професионални квалитети за да придонесе што е можно повеќе за напредокот на ветеринарната медицина со цел да се подобри ветеринарната пракса и да се подобри квалитетот на грижата за животните, благосостојбата на животните, и јавното ветеринарно здравство.<br>7. Поседува основно знаење за организацијата и менаџментот на ветеринарната пракса, вклучувајќи:<br>- свесност за своите работни одговорности во однос на вработувањето и здравјето<br>- безбедностната легислатива, и позицијата во однос на кадарот и јавноста<br>познавање како се пресметуваат цените и како се прават фактури, и на важноста од следење на системите за водење евиденција и книговодство, вклучувајќи:<br>- компјутерска евиденција и извештаи<br>- способост ефикасно да користи информатичка технологија и да комуницира, дели, собира, манипулира и анализира информации<br>- важноста на усогласување со поставените стандарди и со политиката на праксата<br>9. Делува професионално во однос на професионалните и законски одговорности ги разбира и употребува етичите кодекси на соодветните регулаторни тела.<br>9. Покажуваспособност да се справи со нејаснотии и да се адаптира на промени<br>10. Покажува свесност за персоналните ограничувања, и демонстрира свест за кога и од кого да побара професионален совет, помош и поддршка.<br>11. Поседува основно познавање на ветеринарната пракса. |
| Вештини на учење | 1 и 2 интегриран циклус | 1. Покажува разбирање за професионалните должности, за посветеноста и континуираната едукација и обука, за потребата од професионален развој, во текот на целиот негов професионален живот. |



*Адреса:* Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје, Р. Македонија *Address:* Lazar Pop-Trajkov 5-7, 1000 Skopje, R. Macedonia
*Tel:* +389 2 3240 700
*Fax:* +389 2 3114 619
*E-mail:* fvms@fvm.ukim.edu.mk
*Web:* http://www.fvm.ukim.edu.mk

ANAB ACCREDITED BSI
Certificate No: 74597